**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Слободанка Колоска**
**именуван за подрачјето на**
**основните судови**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул. Димитар Влахов 13/9**
**izvrsitel.koloska@gmail.com**
**тел. 046/256-420;070/359-383**

**Образец бр.66**

**И.бр.1049/23**

Извршителот **Слободанка Колоска** од **Охрид** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Рудина Шаќири** од Струга живеалиште ул. Партизанска бр.33 Струга преку полн. адвокатско друштво Костовски од Охрид, засновано на извршната исправа Пресуда П4-42/14 од 14.10.2014 на Основен суд Струга, потврдена со Пресуда ГЖ-2897/14 од 02.12.2014 год. на Апелационен суд Битола против должникот **Општина Струга** од Струга со седиште на ул.Маршал Тито бр. бб Струга, за спроведување на извршување во вредност 928.380,00 ден., на ден 09.07.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:како земјиште под зграда, вештачки неплодни земјишта, органи на локална самоуправа, деловна просторија запишана во Лист Б и Лист В од **Имотен лист бр.791 за КО МОРОИШТА при АКН-ОКН Струга** со следните ознаки:

**ЛИСТ Б:**

- Кп.бр.1266, дел 2, викано место СЕЛО, катастарска култура гз зпз1, површина 93 м2, сопственост,

**ЛИСТ В:**

- Кп.бр.1266, дел 2, адреса СЕЛО, бр.на зграда/др.објект 1, намена на зграда В4-8, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина 83м2, сопственост; која се наоѓа во сопственост на должникот Општина Струга .

Продажбата ќе се одржи на ден **31.07.2026 год. 10:00 часот** во просториите на во просториите на Извршител Слободанка Колоска од Охрид на ул. Димитар Влахов бр. 13/09 Охрид.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр. 1049/23 од 18.11.2025 год.и изнесува **2.471.569,00 ден.** под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Прибелешка на налог за извршување врз недвижност И.бр.1049/23 од 02.09.2025г.и И.бр. 282/25 од 03.09.2025г. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, износ од **247.156,00 ден**.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. **210-073986200278** која се води кај НЛБ банка АД Скопје и даночен број 5020019504637.со назнака за И.бр. 1049/23

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање „Нова Македонија" и електронски на веб страницата на Комората .

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Слободанка Колоска

Д.-на: Должник, Доверител, УЈП пристапен доверител

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Струга согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.